КСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

COMMISSION ON PREVENTION AND PROTECTION AGAINST DISCRIMINATION

Архивски број: 0801-156/5

Датум: 25.08. 2021 година

Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 0801-156/1 од 09.07.2021 година, поднесена од [redacted] од Битола против ЈУ МЦСР Битола и членовите на стручниот тим: [redacted] (водител), [redacted] и [redacted] за извршена директна дискриминација по основ на пол и брачна состојба во областа на социјалната сигурност и социјалната заштита при остварувањето на родителското право, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) на 24.08.2021 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**Не се утврдува** директна дискриминација по основ на пол и брачна состојба при остварувањето на родителското право во областа на социјалната сигурност и заштита, извршена од страна на ЈУ МЦСР Битола и членовите на стручниот тим: [redacted] и [redacted] врз [redacted] од Битола.

## Образложение

На 09.07.2021 година, во просториите на КСЗД поднесена е претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Битола, заведена под бр. 0801-156/1, за извршена директна дискриминација по основ на пол и семејна или брачна состојба при остварувањето на неговото родителско право од страна на ЈУ МЦСР Битола и членовите на стручниот тим што го воделе неговиот предмет за доверување на чување и воспитување на неговите две малолетни ќерки К.А и Љ.А на нивната мајка, [redacted], кога родителите не живеат заедно, за време додека не добиле формално известување дека е поведена постапка за развод на брак пред надлежен суд.

ЈУ МЦСР Битола, по барањето на мајката доставено до оваа установа на 19.03.2019 за доверување на чување и воспитување на двете малолетни ќерки кај неа, на 29.03.2019 година донеле Решение бр. УП1 0803-26/19 со кое ѝ ги довериле децата на чување и воспитување и за тоа го известиле таткото на децата, подносителот [redacted]

**Тој изјавил согласност** на тоа Решение, донесено согласно Законот за семејство (Сл.весник на РМ бр.80/92,9/96,38/04,33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 115/14, 104/15 и 150/15) но побарал од Центарот да му се овозможат редовни контакти со децата и можност за преспивање во неговиот дом за што поднесол своерачно потпишана Изјава на записник.

ЈУ МЦСР Битола по негово барање на 29.03.2019 донеле Решение бр.УП1 0805-31/19, со кое утврдиле динамика на одржување на лични односи и непосредни контакти меѓу таткото и малолетните деца, врз основа на член 14 ст.6 и член 79 од Законот за семејство.

На ова Решение подносителот изјавил жалба до второстепениот орган – МТСП, кој на 31.05.2019 донел Решение со кое ја одбил жалбата на [redacted] како неоснована. Затоа тој на 30.06.2019 поднел тужба до Управниот суд , по што ЈУ МЦСР Битола на 07.11.2019 донел ново Решение за остварување на лични односи и непосредни

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk

контакти со малолетните деца бр. УП1 0805-109/19, со кое делумно го уважил неговото барање и ја проширил динамиката за контакти со децата, обезбедувајќи му право на дополнителни непосредни контакти за празниците: Нова година, Божиќ, Велигден; роденденот на децата; роденденот на таткото; имендените на децата Љ. и К.; летен одмор 10 дена, зимски одмор 5 дена кај таткото во термини договорени меѓу родителите; 2 август и куќната слава на таткото.

Подносителот и во неколку други наврати ги обжалувал решенијата донесени од ЈУ МЦСР Битола, по што ЈУ МЦСР Битола донеле ново Решение УП1 0805-109/19 од 28.07.2020 со кое на таткото му ја одредиле ново дополнително проширување на личните односи и непосредни контакти со малолетните деца, со следново образложение: ***„имајќи ги во предвид возраста на децата и нивната потреба на биолошки, психолошки и социо-културен план за создавање на поблизок емоционален однос со родителот со кого не живеат, стручниот тим одлучи да го промени решението."***

На барање на подносителот, ЈУ МЦСР Битола, на 30.12.2020 година носи ново Решение за определување на лични односи и непосредни контакти на таткото со малолетните деца, со кое му дозволуваат на таткото користење годишен летен одмор во времетраење од 15 дена (10 дена во јули и 5 во август) по претходен договор меѓу родителите, кое е во сила и денес.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, заклучи дека тврдењето на подносителот е веројатно, па на 12.07.2021, со допис бр. 0801-156/2 го префрли товарот на докажување врз ЈУ МЦСР Битола и погоре наведените членови на стручниот тим и побара од нив да се произнесат по наводите содржани во претставката.

На 22.07.2021, во архивата на КСЗД стигна нивното изнесување, бр.0805-7 од 19.07.2021 година, во кое ги отфрлаат наводите на подносителот дека извршиле дискриминација врз него по основ на пол при остварувањето на неговите родителски права. Во дописот, ЈУ МЦСР Битола, потенцира дека овој премет кај нив е отворен уште од Март 2019 година, кога започнале со постапки за доверување на деца од раскината фактичка брачна заедница и во неколку наврати донесувале решенија за одржување на лични односи и непосредни контакти на малолетните деца со родителот со кого не живеат, во согласност со законските прописи – Закон за семејство, Законот за социјална заштита и процедурите за постапување во вакви случаи пропишани од ЈУ – Завод за социјални дејности – Скопје. Сите постапки и процедури биле водени од стручен тим од социјален работник, педагог, психолог и правник, паралелно со упатување на родителите во советувалиште за брак и семејство при овој Центар. Дополнително, тие потенцираа дека при решавањето по барањата на таткото за проширување на средбите и непосредните контакти со децата постапувале водејќи сметка за најдобриот интерес на децата, укажувајќи дека не извршиле никаква дискриминација по било кој основ, бидејќи дејноста за работа на Центарот е заштита на правата и интересите на лицата кои не се способни сами да ги штитат, согласно законските прописи.

Разгледувајќи ја целокупната документација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека наводите на подносителот дека бил дискриминиран од страна на ЈУ МЦСР Битола по основ на пол и брачна состојба при остварувањето на неговите родителски права, од страна на членовите на стручниот тим што го воделе предметот, **се неосновани**, бидејќи решенијата на Центарот од Битола *де факто* му овозможувале остварување на лични средби и непосредни контакти со малолетните деца, согласно ставовите 3 и 4 од Законот за семејство, кои гласат: ***„Детето има право да одржува лични односи и непосредни контакти со родителот со кого не живее. Родителот со кого детето не живее има право и должност да одржува лични односи и непосредни контакти со своето дете."***

Согласно ова, ваквите постапки и решенија од страна на ЈУ МЦСР Битола **не го довеле подносителот во нееднаква положба при остварувањето на неговите родителски права во споредба со мајката на малолетните деца, и со истите не го ограничиле во уживањето на неговите родителски права на еднаква основа со мајката**, имајќи во предвид дека уште во март 2019 година самиот се согласил децата да ѝ бидат доверени на мајката за чување и воспитување до конечна судска одлука, што значи дека не може да се сметаат за дискриминација.

Дополнително, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација процени дека нема мандат ни стручна компетенција да ја проценува работата на стручните тимови што работат во центрите за социјална заштита, па затоа одлучи како во диспозитивот.

Скопје, 25.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

1. за подносител: [redacted]Битола
2. за ЈУ МЦСР Битола, Населба Карпош б.б., 7000 Битола
3. за досие